РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PER PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09-608/9
20-05-2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 30-тата седница, прво продолжение, одржана на ден 18.05.2020 година донесе

## **Одлука**

По утврдена повреда на член 67 став 1 од ЗСКСИ од страна на лицето Методија Тасевски и доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност до Управниот одбор на АД „Електрани на Република Северна Македонија", кој не утврди повреди на одредбите од ЗСКСИ, ДКСК го запира постапувањето, бидејќи нема законски основ за преземање мерки и активности за натамошно постапување по предметот.

Предметот со број 09-608/1 од 19.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Државната комисија постапуваше по предмет за постоење на сериозни индиции дека лицето Методија Тасевски – управител на ФОД ДООЕЛ АД ЕЛЕМ, има влијание во постапка за вработување на блиско лице на одреден функционер.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, Државната комисија се обрати до АД „Електрани на Република Северна Македонија"за достава на документацијата која се однесува на постапката за вработување на лицето Борис Поповски – татко на сопругата на пратеникот Александар Кирацовски.

По разгледување на доставената документација од страна на А.Д. ЕЛЕМ за лицето Борис Поповски, Државната комисија констатираше дека истото лице е ангажирано во ФОД ДООЕЛ Новаци, АД ЕЛЕМ на работно место општ работник од 22.11.2018 година до 31.12.2018 година врз основа на порачка бр.2/2018 година. Со Анекс на договорот, истото лице е ангажирано и за период од 01.01.2019 година до 31.03.2019 година. Овој договор е спогодбено раскинат и работникот е одјавен на ден 26.02.2019 година.

Од доставената документација не е објаснето на кој начин лицето е ангажирано преку Приватната агенција за вработување и на кој начин токму тоа лице е избрано од страна на ФОД ДООЕЛ Новаци, АД ЕЛЕМ за да извршува работни задачи, што дава индиции дека имало влијание во постапката за вработување на лицето Борис Поповски.

Поради фактот што ангажирањето на Борис Поповски во ФОД ДООЕЛ Новаци, АД ЕЛЕМ е спроведена согласно Законот за агенциите за привремени вработувања, постојат основи за сомневање за влијание од пратеникот во Собрание не РСМ, Александар Кирацовски, при вработувањето на татко на својата сопруга, особено поради начинот на кој се спроведува таа постапка, без јавен оглас, без можност за конкуренција.

При ваква фактичка состојба Државната комисија констатира дека Методија Тасевски – управител на ФОД ДООЕЛ АД ЕЛЕМ постапило спротивно на член 67 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Поради наведените причини Државната комисија достави Иницијатива за поведување на постапка за утврдување на одговорност на службеното лице Методија Тасевски – управител на ФОД ДООЕЛ АД ЕЛЕМ до Управниот одбор на АД „Електрани на Република Северна Македонија".

По однос на поднесената Иницијатива, Управниот одбор на АД „Електрани на Република Северна Македонија" достави одговор во кој е наведено дека истиот смета дека не постојат причини, законски основи и докази за одговорност на лицето Методија Тасевски – управител на ФОД ДООЕЛ АД ЕЛЕМ. Службеното лице постапувало во рамките на неговите статутарни и законски овластувања.

На седницата одржана на ден 18.05.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека по доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на службеното лице Методија Тасевски, Државната комисија нема законски основ за понатамошно превземање на мерки и активности согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил:
м-р Станка Милановска - Виш соработник
Одобрил:
м-р Шемши Салаи, член на ДКСК


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk